

## »Рингераја семејството е и нивно семејство – растеме заедно со децата без родителска грижа!«

## ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА – училишен прибор за секое дете од домот „11 Октомври“

### Краток опис на акцијата

Хуманитарната роденденска акција одржана во март 2010 година, наменета за домот за деца без родителска грижа „11 Октомври“, покажа дека прегратката на Рингераја е доволно силна за да ги направи за момент среќни децата од домот. Сите клиенти, корисници, целиот тим на Рингераја е едно големо семејство кое е и нивно семејство – и расте заедно со децата без родителска грижа!

Рингераја семејството мисли на дечињата од домот „11 Октомври“ и на почетокот на учебната година и реши да помогне во обезбедување на училишен прибор, кој за жал го немаат, а им е повеќе од потребен.

### Донација во домот за деца без родителска грижа „11 Октомври“

Децата од домот „11 Октомври“, веќе тргнаа на училиште, но за жал сеуште немаат соодветен училишен прибор. Бевме информирани дека добиле донација на ранчиња за училиште, но не можат да ги наполнат со тетратки, моливи, острилки, боички и блокчиња, бидејќи немаат. Со цел да ја задоволиме потребата на дечињата започнуваме нова хуманитарна акција, за обезбедување на училишен прибор потребен за учебната 2010/2011 година за децата од домот 11 Октомври:

- Тетратки мали и големи со линии, коцки и без линии
- Блок за скицирање, блок IV, блок V
- Шестар
- Острилки, моливи и гуми
- Комплет лењири
- Лепило охо и селотејп
- Темперни бои, водени бои, четки за боење, дрвени боички и фломастери
- Колаж хартија и ножички



## Како да се вклучите во хуманитарната акција?

Целата хуманитарна акција ќе биде водена од Рингераја.мк преку филантропската гранка Дану Филантропија ЈИЕ.  Во акцијата може да се вклучите на 2 начина:

- **Преку купување на училишен прибор**

Купениот училишен прибор може да го доставите директно во просториите на Рингераја.мк на адреса **ул. Мирче Оровчанец 1/1-4 Скопје** или да го донесете на едно од дружењата кои ќе се реализираат во повеќе градови во Македонија.

- **Преку донација на парични средства**

Доколку не сте во можност да купите и да го доставите училишниот прибор, можете да помогнете преку донација на паричните средства на сметката на Дану Филантропија ЈИЕ, користејќи ги следните податоци:

**Број на сметка: 210-0647800001-18, банка: НЛБ - Тутунска Банка, со назнака:**
„Училишен прибор за секое дете од домот 11. Октомври**“.**

***За девизно плаќање од странство: IBAN: MK 07 210 7220000033 65; SWIFT: TUTNMK22**

Сите собрани средства на сметката на Дану Филантропија ЈИЕ со назнаката: **„Училишен прибор за секое дете од домот 11 Октомври“** ќе бидат наменети за потребите за купување на училишен прибор за дечињата од домот „11. Октомври“.

## Важни напомени:

- Доколку сакате да се вклучите во хуманитарната акција преку достава на училишниот прибор на некои од нашите дружења внимателно следете ги информациите поставени на Рингераја за местото и времето на дружењата.

- Доколку сакате училишниот прибор да го донесете во просториите на Рингераја.мк тоа може да го направите секој работен ден од 9 до 17 часот.

- Доколку донирате парични средства задолжително наведете **„Училишен прибор за секое дете од домот 11 Октомври“**

За повеќе информации:
Јулијана Василеска
e: julijana.vasileska@danu.biz
m: 0038972555504